# Катул, 8 песна

Даниела Тошева
Институт за класични студии - студент
nela2111@yahoo.com

О кутри Катуле, не лудувај повеќе,
штом гледаш дека нешто пропаѓа, изгубено е, знај.
Но некогаш и ти имаше среќни дни,
кога си шеташе често кајшто момата те водеше,
толку љубена, колку што никој друг не би ја љубел.
Ох, колку се уживаше тогаш таму!
Оти тоа што ти го сакаше, девојката не го мразеше.
Навистина ти беа среќни дните.
Сега таа не сака веќе, а ти пак си немоќен да не љубиш.
Но, не следи го она што бега, ниту бедно живеј,
туку истрпи со силна волја, издржи!
Збогум, девојко. Катул веќе издржува
и не те бара тебе, ниту ќе те моли неволна.
Но ти ќе страдаш, несреќнице,
кога никој во ноќта не ќе те моли!
Каков ли потем живот ќе ти следи?
Кој ќе те посетува сега? Кому убава ќе му се чиниш?
Кого сега ќе го сакаш? Кој ќе зборува за тебе сега?
Кого ќе го бакнуваш? И кому ли усни ќе му кинеш?
А ти, Катуле, непоколебливо ќе истраеш.